# Билтен на ИОРРСМ

ИНСТИТУТ НА ОВЛАСТЕНИ РЕВИЗОРИ НА РСМ

За периодот октомври – декември 2024 година

Јануари, 2025 година

## СОДРЖИНА


1. Резиме
2. Активности на телата на Институтот на овластени ревизори на Република Северна Македонија (ИОРРСМ)
   а) Управен одбор
   б) Комисија за образование, обука и публикации
   в) Комисија за спроведување на испитот за стекнување звање ревизор
   г) Комисија за регистрација на ревизори и овластени ревизори
   д) Комисија за контрола на квалитетот
   ѓ) Комисија за стандарди за ревизија
   е) Дисциплинска комисија
3. Судски постапки


## 1. РЕЗИМЕ

Во периодот октомври – декември 2024 година, беа усвоени следните:

- ✓ Одлука за именување на претседатели на комисии на ИОРРСМ.
- ✓ Одлука за учество на членови на Управниот одбор во комисиите на ИОРРСМ.
- ✓ Одлуки за поведување на дисциплинска постапка против членови на ИОРРСМ, во врска со законска обврска за следење на КПУ.
- ✓ Одлука за објавување на Меѓународните стандарди за ревизија, други релевантни објави на IFAC и Меѓународниот Кодекс за етика за професионалните сметководители во ЈП Службен весник на Република Северна Македонија.
- ✓ Тримесечен извештај за работењето на ИОРРСМ за периодот јули - септември 2024 година.
- ✓ Одлука за изрекување дисциплинска мерка - Јавна опомена, во врска со законска обврска за следење на КПУ за следните овластени ревизори: Борислав Оречовски, Борче Ѓелевски, Валентина Димевска, Владимир Стефановски, Шенаси Бајрами, Душко Дрваров, Лилјана Стојчева.
- ✓ Одлука за вработување на лице - контролор на квалитет, за овластен ревизор Марија Божиновски.
- ✓ Годишен извештај за наодите на извршените контроли на квалитет согласно Годишниот план за 2023/2024 година.
- ✓ Одлука за измена и дополнување на Тарифникот за висината на членарината и надоместоците што ги наплатува Институтот на овластени ревизори на Република Северна Македонија.
- ✓ Годишна програма за работа на ИОРРСМ за 2025 година.
- ✓ Одлука за одобрување на Препорака за престанок на членство во ИОРРСМ на овластен ревизор Александра Милевска.
- ✓ Одлука за измена и дополнување на Правилникот за вршење периодична контрола.
- ✓ Циркуларно писмо број 6 - *Упатство и напомени за адекватно следење на обврските за Континуирано професионално усовршување (КПУ) согласно член 28 од Законот за ревизија*.

На 25.12.2024 година СУНРРСМ даде согласност на: Годишниот извештај за наодите од контролата на квалитет согласно Годишниот план за 2023/2024 година, Годишната

програма за работа на ИОРРСМ за 2025 година, Одлуката за измена и дополнување на Правилникот за вршење периодична контрола.

На 27.12.2024 година СУНРРСМ даде согласност на Одлуката за измена и дополнување на Тарифникот за висината на членарината и надоместоците што ги наплатува ИОРРСМ.

На 30.12.2024 година, ИОРРСМ во Службен весник бр. 273 на Република Северна Македонија ги објави Меѓународните стандарди за ревизија и другите релевантни објави на Меѓународната федерација на сметководители (IFAC) и Меѓународен кодекс за етика за професионалните сметководители од страна на Меѓународната федерација на сметководители (IFAC).

## НАСТАНИ И СОСТАНОЦИ

На 01 октомври 2024 година, претседателот на ИОРРСМ, Ненад Тортевски, и член на Управниот одбор на ИОРРСМ, Владимир Соколовски, присуствуваа на работен состанок во просториите на Институтот на сметководители и овластени сметководители (ИСОС). Состанокот беше предложен како собир на релевантните засегнати страни (комори, здруженија и други организации) за дискусија и доставување на коментари по повод објавувањето на преводот на Меѓународните стандарди за финансиско известување кои што Министерството за финансии ги објави на 03.04.2024 година. На состанокот свое обраќање имаше и Претседателот на ИОРРСМ, при што истакна дека воведувањето на објавените МСФИ е од исклучителна важност како за компаниите така и за целокупното функционирање на економијата, но исто така е важно и за инвеститорите кои би добиле подобра слика за економската клима во државата. Исто така беше наведено дека веќе во светски рамки се говори за ESG стандардите, за кои во што поскоро време треба бидат воведени во Македонија.

На 17 октомври 2024 година, контролорот на квалитет на ИОРРСМ, Бранка Стојановска, присуствуваше на он-лајн настан, вебинар, организиран од IFAC, Pan African Federation of Accountants (PAFA) и Federation internationale des Experts Comptables et Commisaires aux comptes Francophones (FIDEF) во соработка со International Auditing and Assurance Standards Board (IAASB). На вебинарот беа дискутирани новите меѓународни стандарди за ревизија на помалку комплексни ентитети (ISA for LCE) и начинот на кој што некои јурисдикции во Африка планираат да ги прифатат и применат.

На 21 октомври 2024 година, Генералниот секретар на ИОРРСМ, Татјана Тодоровска и претставник на стручната служба Калина Велковска, преку видео-конференција одржаа запознавачки состанок со претставник на непрофитна организација Financial Services Volunteer Corps (FSVC) во врска со имплементација на санкции, од кривично-правната област поврзани со спречување перење пари и финансирање на тероризам, а заради разгледување на можност за учество на проект администриран од страна на FSVC.

На 22 и 23 октомври 2024 година, на покана од страна на Центарот за реформи во финансиското известување (CFRR)/Светска банка, претседателот на ИОРРСМ Ненад Тортевски, заедно со Бранка Стојановска, контролор на квалитет на ИОРРСМ присуствуваа на третиот "Форум на јавните тела за надзор" во Букурешт, Романија со наслов "Improving Audit Quality through Cooperation". На настанот имаше претставници од 11 земји учеснички, а главните цели беа размена на практично искуство на јавните тела за надзор и професионалните организации помеѓу одделните земји, како и теми од областа на моделите на организација на контролата на квалитет, обврските на професионалното тело, вештачка интелигенција. На овој настан беа остварени контакти со голем дел од претставниците на земјите учеснички при што беа разменети искуства за клучните прашања поврзани со начинот на организирање на контролата на квалитет, значајни аспекти кои го опфаќаат процесот на контрола на квалитет и сл. Исто така Бранка Стојановска, контролор на квалитет на ИОРРСМ го презентираше начинот на функционирање на контролата на квалитет во Македонија, и наведе некои од клучните наоди идентификувани при извршените контроли во текот на претходниот период.

На 31 октомври 2024 година, во просториите на ИОРРСМ, беше одржан состанок помеѓу ИОРРСМ, претставуван од членот на Управниот одбор на ИОРРСМ, Владимир Соколовски

и претставник на стручната служба, Калина Велковска со советници на ММФ за управување со приходи со седиште во Југоисточна европа. Како тема на состанокот беше дискутирана мисијата на ММФ, која има за цел да и помогне на Управата за јавни приходи на Р.С. Македонија да изнајде начин да го преструктуира своето работење. За таа цел тие одржуваат состаноци со релевантни институтиции за да се разберат релациите помеѓу УЈП и другите засегнати страни.

На 31 октомври 2024 година, претседателот на ИОРРСМ, Ненад Тортевски присуствуваше на прослава по повод одбележување на светскиот ден на штедењето, организиран од Македонската Банкарска Асоцијација.







На 6 и 7 ноември 2024 година, претседателот на ИОРРСМ, Ненад Тортевски присуствуваше на седница на собранието на IFAC во Париз, Франција, на кое што беше избран нов претседател на IFAC, г. Jean Bouquot. Покрај официјалниот дел на седницата на собранието, настанот беше продолжен со панел дискусии и презентации од предавачи на теми поврзани со професијата, вештачката интелигенција, известувањето и стандардите за одржливост, како и излагања на Jean-Claude Trichet, поранешен претседател на Европската Централна Банка. На овој настан беа остварени средби со голем број претставници од земјите кои беа претставувани на ова собрание.

Во периодот од 12-15 ноември 2024 година во Скопје, беше одржана *Стручна конференција за имплементирање на Меѓународните стандарди за финансиско известување* во организација на ИСОС и Мисијата на Светска банка. Конференцијата беше организирана како Обука за обучувачи, а наменета за лиценцираните правни лица кои вршат обуки за континуирано професионално усовршување за сметководители и овластени сметководители, како и за претставници на државните институции во областа на финансиските организации и академски институции во областа на меѓународото финансиско известување. Како претставници на ИОРРСМ, со физичко присуство учествуваа членовите на Комисијата за образование, обука и публикации: Благица Шорева, Кристина Куновска и Марија Божиновски, додека преку он-лајн пристап присуствуваше контролорот на квалитет на ИОРРСМ, Бранка Стојановска.

На 13 ноември 2024 година, во просториите на ИОРРСМ, беше одржан состанок на кој што присуствуваа претставници на ИОРРСМ: претседателот Ненад Тортевски, генерален секретар Татјана Тодоровска, претставник на стручната служба Калина Велковска и консултантни на Светска банка Garrik Sergeyan, Jose Simon Rezik, Arun Manuja и проф. д-р Атанаско Атанасовски. На состанокот беше презентирана програмата EAASURE (Institutional Capacity Building Component) и претстојните активности планирани за 2025 година во рамки на проектот за градење на капацитети на професионалните тела. Беше дискутирано за разгледување на можноста за воспоставување на заедничка програма за испитот со ИСОС за стекнување на звање сметководител, овластен сметководител, ревизор и овластен ревизор како последователни чекори, за што би требало да се изработи национална програма за таа намена. Меѓудругото, ИОРРСМ ја презентираше потребата за поддршка за обука за новите ревизорски стандарди за сите овластени ревизори, членови на ИОРРСМ, за ажурирање на материјалите за кандидатите за испитот, спроведување на обука и подготовка на туториали, како и други поврзани активности.

На 26 ноември 2024 година, претседателот на ИОРРСМ Ненад Тортевски и претставници на стручната служба на ИОРРСМ, на покана на Државнот завод за ревизија, присуствуваа на одбележување на 25-годишнината на институцијата.

На 11 декември 2024 година, претседателот на ИОРРСМ Ненад Тортевски, оствари средба со директорот на ЈП Службен весник на Република Северна Македонија Владимир Кроневски, во врска со објавата на Меѓународните стандарди за ревизија и Кодексот на етика, при што се постигна договор плаќањето на оваа објава да биде реализирано на две рати, односно дел во 2024 и дел во 2025 година.

На 18.12 и 25.12.2024 година, Калина Велковска, претставник на стручната служба на ИОРРСМ, присуствуваше на состаноци организирани од страна на Управата за финансиско разузнавање на Р.С. Македонија, како дел од работна група за подготовка на Национална стратегија за спречување перење пари и финансирање тероризам 2025-2028 година.

На 20 декември 2024 година, ИОРРСМ потпиша Меморандум за соработка со Американскиот Универзитет на Европа - ФОН од Скопје. На потпишувањето на меморандумот, во просториите на универзитетот, присуствуваа претседателот на ИОРРСМ Ненад Тортевски, членот на управниот одбор Љубица Јоанидис, како и претставници на стручната служба Калина Велковска и Мартина Галовска. Покрај потпишувањето на меморандумот двете страни дискутираа за соработка која ќе придонесе за размена на искуства, размена на стручна и научна експертиза за потребите на двете страни, заеднички организирани семинари, курсеви, обуки и други форми на доусовршување и слични теми од областа на образованието.








## ИСПИТ ЗА СТЕКНУВАЊЕ ЗВАЊЕ РЕВИЗОР



Од 30 септември до 4 октомври 2024 година беше спроведена вонредна испитна сесија – октомври 2024 година, на која беа спроведени сите 8 дела на испитот за стекнување звање ревизор.

Од 19 до 26 декември 2024 година, беше спроведена редовна испитна сесија – декември 2024 година, на која беа спроведени сите 8 дела на испитот за стекнување звање ревизор. Двајца кандидати ги положија сите испити од Програмата за полагање на испитот.

## КПУ НАСТАНИ ОКТОМВРИ – ДЕКЕМВРИ 2024




На 18 ноември 2024 година беше спроведен он-лајн настан за Континуирано професионално усовршување (КПУ) за овластени ревизори, на кој што беше презентирана темата за *анализа на новите законски решенија во сферата на пазарот на капитал и борбата со перењето пари и финансирањето на тероризам*. Предавачи на настанот беа Гоце Трајковски, Јасна Смилева и Искра Ивановска Стојановска. За присуство на настанот се признаваа 6 КПУ часа.

На 26 ноември 2024 година беше спроведен настан за КПУ за овластени ревизори, на кој што беше обработена темата за *Управување со процесот на прифаќање на клиент и ангажман*, презентирана од страна на овластен ревизор Ненад Ранѓеловиќ од Друштво за ревизија МАЗАРС РЕВИЗИЈА ДОО Скопје, како и софтверско решение за истото презентирано од страна на предавачот Жарко Матејиќ. За присуство на настанот се признаваа 8 КПУ часа.

На 27 ноември 2024 година беше спроведен настан за КПУ за овластени ревизори, на кој што беа обработени темите:





*Промени во Меѓународните стандарди за ревизија, МСР 600, ESG од ревизорска перспектива, како и значајни прашања за ревизиите (Hot topics)*. Како предавачи учествуваа: Благица Шорева, овластен ревизор од Друштво за ревизија КПМГ РЕВИЗИЈА ДОО Скопје, овластени ревизори Драган Давитков и Александра Кузмановска од Друштво за ревизија ПРАЈСВОТЕРХАУСКУПЕРС РЕВИЗИЈА ДОО Скопје. За присуство на настанот се признаваа 8 КПУ часа.

На 05 декември 2024 година беше спроведен он-лајн КПУ настан, на кој што беше обработена темата за *Вовед во МСФИ 17 - Договори за осигурување и главни промени во однос на постојните стандарди*, каде што предавање одржа гостинот од Република Грција, Charis Karakitsos, а во организација на Друштво за ревизија ГРАНТ ТОРНТОН ДОО Скопје. За присуство на настанот се признаваа 4 КПУ часа.




Во периодот од 11 до 27 декември 2024 година, преку веб страницата на ИОРРСМ, беше овозможено електронски да се проследат предавањата кои што ИОРРСМ претходно ги спроведе како настани за КПУ за 2024 година на: 3 јуни (4 КПУ часа), 17 јуни (8 КПУ часа), 18 јуни (8 КПУ часа), 26 ноември (8 КПУ часа), 27 ноември (8 КПУ часа), 28 ноември (6 КПУ часа) и 05 декември (4 КПУ часа). Членовите на ИОРРСМ можеа да се пријават за следење на настаните, само доколку не биле во можност да учествуваат при првичното спроведување на он-лајн настаните.

Во периодот од 12 до 25 декември 2024 година, беше спроведено електронско следење на КПУ за овластените ревизори за кое што се признаваа 8 часа КПУ за 2024 година. Настанот беше предвиден во рамките на Програмата за Континуирано професионално усовршување за 2024 година.

## 2. Активности на телата на ИОРРСМ

### а) Управен одбор

Управниот одбор ги одржа 240-та, 241-та, 242-та, 243-та, 244-та и 245-та седница, на кои што ги усвои/одобри следните:

- Одлука за именување на претседатели на комисии на ИОРРСМ.
- Одлука за учество на членови на Управниот одбор во комисиите на ИОРРСМ.
- Одлуки за поведување на дисциплинска постапка против членови на ИОРРСМ, во врска со неисплнување на законска обврска за следење на КПУ.
- Одлука за објавување на Меѓународните стандарди за ревизија, други релевантни објави на IFAC, како и Меѓународниот Кодекс за етика за професионалните сметководители во Службен весник на Република Северна Македонија.
- Ревидираната структура на испитни прашања за предметот Ревизија 2.
- Одлука за одобрување на Мислење за утврдување адекватност/ веродостојност на Програма според која кандидатот стекнал квалификација за ревизор во странство (ACCA), за барателот Марија Левкова.
- Одлука за одобрување на Мислење за утврдување адекватност/ веродостојност на Програма според која кандидатот стекнал квалификација за ревизор во странство (ACCA), за барателот Елена Димовска.
- Одлуки за одобрување на предлог за ослободување од обврска за присуство на континуирано професионално усовршување (КПУ) за 2024 година, за овластен ревизор Викторија Јанева Димовска, Симона Дрндаревска Златевска и Александра Ристова.
- Тримесечен извештај за работењето на ИОРРСМ за периодот јули - септември 2024 година.
- Одлука за изрекување дисциплинска мерка - Јавна опомена, во врска со законска обврска за следење на КПУ за следните овластени ревизори: Борислав Оречовски, Борче Ѓелевски, Валентина Димевска, Владимир Стефановски, Шенаси Бајрами, Душко Дрваров, Лилјана Стојчева.
- Одлука за вработување на лице - контролор на квалитет, за овластен ревизор Марија Божиновски.
- Годишен извештај за наодите на извршените контроли на квалитет согласно Годишниот план за 2023/2024 година.
- Одлука за измена и дополнување на Тарифникот за висината на членарината и надоместоците што ги наплатува Институтот на овластени ревизори на Република Северна Македонија.
- Годишна програма за работа на ИОРРСМ за 2025 година.
- Одлука за одобрување на Препорака за престанок на членство во ИОРРСМ на овластен ревизор Александра Милевска.
- Одлука за измена и дополнување на Правилникот за вршење периодична контрола.
- Циркуларно писмо број 6 - Упатство и напомени за адекватно следење на обврските за Континуирано професионално усовршување (КПУ) согласно член 28 од Законот за ревизија.

Управниот одбор разгледуваше: Квартален извештај за спроведување на контроли на квалитет со состојба на 30.09.2024 година за натамошно проследување до СУНРРСМ, извештаи од спроведена контрола на квалитет согласно член 20-а став (5) од Законот за ревизија; Извештај за спроведување на испитот за стекнување звање ревизор во испитна сесија јуни-јули 2024 година, доставен од Комисијата за спроведување на

испитот, известување доставено од страна на Комисијата за стандарди за ревизија во врска со одобрување на преводот на Меѓународните стандарди за ревизија.

Управниот одбор разгледуваше и предлози, барања и информации доставени до Управниот одбор од страна на членовите и комисиите на ИОРРСМ, како и дописи и други поднесоци доставени од СУНРРСМ и од страна на надворешни заинтересирани страни.

## б) Комисија за образование, обука и публикации

Комисијата за образование, обука и публикации:

- Разгледуваше доставени документи во врска со барање за признавање на квалификација за ревизор стекната во странство (ACCA) за барателите Марија Левкова и Елена Димовска за издавање мислење за веродостојност/адекватност на програмата.
- Подготви и одобри Билтен на ИОРРСМ за периодот јули-септември 2024 година.
- Усвои Информација до Управниот одбор на ИОРРСМ во врска со исполнување на законската обврска за следење на КПУ за период 2023-2022-2021 година за овластените ревизори.
- Разгледуваше барања за ослободување од обврска за посета на КПУ од најмалку 30 часа годишно и 120 часа за период од три години, за овластени ревизори, согласно Правилникот за КПУ.
- Организираше подготвителни активности за спроведување на настани за КПУ во ноември и декември 2024 година и список на КПУ настани кои ќе бидат повторно понудени да се следат преку веб страната на ИОРРСМ, за лица кои не биле во можност да ги проследат при нивното првично одржување.
- Утврди презентации за е-КПУ за 2024 година.

Комисијата разгледуваше и други актуелни прашања поврзани со надлежностите согласно Статутот.

## в) Комисија за спроведување на испитот за стекнување звање ревизор

Комисијата за спроведување на испитот за стекнување звање ревизор:

**I.** Комисијата извршуваше активности за спроведување на испитот за стекнување звање ревизор за вонредната испитната сесија - октомври 2024 година. Од 30 септември до 4 октомври 2024 година, беа спроведени сите 8 дела на испитот за стекнување звање ревизор.

- Го разгледа Извештајот за резултатите од спроведување на испитот вонредна испитна сесија октомври 2024 година, доставен од координаторот проф. д-р Марина Трпеска и ги утврди резултатите од вонредната испитна сесија.
- Усвои Предлог до Управниот одбор за промена на структурата на испитот за предметот Ревизија 2.

**II.** Комисијата извршуваше активности за спроведување на испитот за стекнување звање ревизор за испитната сесија декември 2024 година. Од 19 до 26 декември 2024 година, беа спроведени сите 8 дела на испитот за стекнување звање ревизор.

- Комисијата ги разгледа доставените барања за полагање на испитот и придружната документација од заинтересираните кандидати по објавениот повик за пријавување на кандидати, за утврдување на исполнување на условите за полагање на испитот за стекнување звање ревизор.
- Назначи координатор за испитната сесија декември 2024 година.
- Комисијата усвои список на кандидати кои пријавиле испити во испитната сесија декември 2024 година и утврди датуми за полагање на испитите во испитната сесија декември 2024 година.

- Усвои Предлог до Управниот одбор во врска со измени и дополнување на Правилникот за начинот и постапката на полагање на испитот за стекнување на звањето ревизор.

Комисијата разгледуваше и други актуелни прашања поврзани со спроведување на испитот за стекнување звање ревизор и постапката за признавање на квалификација за ревизор стекната во странство, како и актуелни прашања поврзани со надлежностите согласно Статутот.

## г) Комисија за регистрација на ревизори и овластени ревизори

Комисијата за регистрација на ревизори и овластени ревизори:

- Разгледуваше барања за признавање на квалификација за ревизор стекната во странство, за натамошно постапување.
- Разгледуваше барање за престанок на членство во ИОРРСМ и усвои Препорака за престанок на членство за овластен ревизор.
- Подготви и усвои предлог до Управниот одбор за измени на Правилникот за вршење периодична контрола.

Комисијата разгледуваше и други актуелни прашања поврзани со надлежностите согласно Статутот.

## д) Комисија за контрола на квалитетот

Во периодот октомври - декември 2024 година, Комисијата за контрола на квалитетот:

- Разгледуваше доставени пријави за работно место контролор на квалитет во ИОРРСМ, по објавен оглас и спроведе интервју со кандидатите.
- Усвои предлог до Управниот одбор на ИОРРСМ, за вработување на контролор на квалитет.
- Усвои предлог Годишен извештај за наодите од извршените контроли на квалитет 2023-2024 година.
- Усвои квартален извештај за спроведените контроли по барање на СУНРРСМ за период до 30.09.2024 година.

Комисијата разгледуваше актуелни прашања поврзани со спроведување на Годишниот план за контрола на квалитет за 2023/2024 година.

## ѓ) Комисија за стандарди за ревизија

Комисијата за стандарди за ревизија во периодот октомври – декември 2024 година:

- Го одобри ажурираниот превод на Меѓународните стандарди за ревизија и други релевантни стандарди објавени од IFAC, од англиски на македонски јазик и усвои известување до Управниот одбор за одобрувањето.
- Достави до Управниот одбор предлог текст на преодни одредби во врска со важењето на МСР и другите стандарди, како и Меѓународниот кодекс на етика во објавата за Службен весник на РСМ.

Комисијата разгледуваше и други актуелни прашања поврзани со надлежностите согласно Статутот.

## е) Дисциплинска комисија

Дисциплинската комисија во периодот октомври – декември 2024 година:

- Спроведе активности во дисциплинска постапка врз основа на Одлука за поведување на дисциплинска постапка на Управниот одбор против овластени ревизори кои не ја исполниле законската обврска да посетуваат обука од најмалку 120 часа за период од три години (за 2021, 2022 и 2023 година), односно посетување обука од најмалку 30 часа годишно во рамките на континуирано професионално усовршување, согласно член 28 од Законот за ревизија.

- Усвои предлози до Управниот одбор за изрекување на дисциплинска мерка – јавна опомена за овластени ревизори во врска со законска обврска за следење на КПУ согласно член 28 од Законот за ревизија.
- Усвои Предлог - Циркуларно писмо број 6 - Упатство и напомени за адекватно следење на обврските за Континуирано професионално усовршување (КПУ) согласно член 28 од Законот за ревизија што се доставува до Управниот одбор на ИОРРСМ.

Дисциплинската комисија разгледуваше дописи и други актуелни прашања, и спроведуваше активности согласно надлежностите на комисијата уредени со Статутот и Правилникот за начинот и постапката за утврдување на повредите и за дисциплинските мерки на членовите на ИОРРСМ.

## 3. Судски постапки

### I. Управни спорови

Во периодот октомври – декември 2024 година:

- Управен спор поведен против Одлука за изрекување на дисциплинска мерка од страна на Управниот одбор на ИОРРСМ за ТП Ревизор Бабамов – Струмица.
- По првостепена пресуда од 26.03.2024 година во полза на ИОРРСМ, незадоволната страна ТП Ревизор Бабамов – Струмица, вложи жалба до Вишиот управен суд од 24.06.2024 година. Постапката по жалба е сеуште во тек.
- Управен спор поведен против Одлука за изрекување на дисциплинска мерка на член на ИОРРСМ за овластен ревизор Стојанчо Коцев (ОР181) – трајно исклучување од членство во ИОРРСМ.
- На 31.10.2024 година, ИОРРСМ доби првостепена пресуда од Управниот суд – Скопје дека тужбата на тужителот се уважува, оспорената одлука за изрекување на дисциплинска мерка се поништува и се одлучува – дисциплинската постапка поведена со Предлог за поведување на дисциплинска постапка против овластениот ревизор Стојанчо Коцев на ИОРРСМ се запира, поради апсолутна застареност на водењето на дисциплинската постапка. ИОРРСМ, незадоволен од исходот на пресудата, поднесе жалба на пресуда и предметот е во тек пред Вишиот управен суд Скопје.

### II. Други судски спорови

Во периодот октомври – декември 2024 година, други судски спорови не се поведени.